

UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 12

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP

FACULTY OF LAW


ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL


ISSUE 12 VOLUME XII

YEAR 2021

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**

**FACULTY OF LAW**

**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**
**Year 2021, Issue Number 12**
**ISSN 2545-4021**
**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D
**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for
Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"
**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M
**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
**Language editor**
Sladjan Spasovski
(Macedonian language)
**Technical editor**
Slave Dimitrov
**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip Republic of North Macedonia

# СОДРЖИНА

*ГЕОРГИЕВА Даниела*
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ФЕМИЦИД ........................................ 5

*ПАНЕВСКИ Перица*
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И АСПЕКТИ НА ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ИНТЕРВЕНЦИИ: СЛУЧАЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................................ 19

*СУРЛОВА Розе*
АНАЛИЗА НА МЕРКАТА ПРИТВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ ВО НАШЕТО ЗАКОНОДАВСТВО ........................................ 33

*ШАЛЕВА Корнелија*
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УБИСТВОТО КАКО НАСИЛЕН КРИМИНАЛИТЕТ ........................................ 43

**ПАНЕВСКИ Перица** **УДК: 341.91-053.6(497.7)**

# ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И АСПЕКТИ НА ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ИНТЕРВЕНЦИИ: СЛУЧАЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Детското престапништво се третира како период на почетни години на старост кога детето започнува со можноста за одредена одговорност пред законот, кога воедно се процесира во рамките на законодавството за малолетници. Во поголем број земји оваа возрасна старост се движи во погорна граница, сепак најчесто долната граница за детско престапништво се третира од 10 годишна возраст до 14 годишна возраст. Понатаму, во погорна возрасна граница, малолетникот започнува и со поригорозна одговорност кон законот.

Под поимот психосоцијални интервенции, обично се подразбираат различни постапки на индивидуална и група психотерапија, советување, учење на социјални вештини, социотерапија и кризна интервенција. Основен белег за психосоцијалните интервенции е составената и планирана примена на техники што произлегуваат од психолошките начела, што ги спроведуваат квалификувани личности со цел промена на основните обележја како што се: чувства, вредности, ставови и однесување кое е проценето како неприлагодено.

Целта на овој труд е да даде јасен увид на примената на психосоцијалните интервенции во областа на детското престапништво, при што тоа е поткрепено на теоретска и на практична основа. Со цел добивање на релевантна издржаност на прикажаните теоретски аспекти, се приложува искуството на Република Северна Македонија, од аспект на делување и позиционирање на законодавно-правната рамка.

**Клучни зборови:** *детско престапништво, психосоцијални интервенции, фактори, законодавно-правна рамка, Република Северна Македонија.*

**PANEVSKI Perica** **UDK: 341.91-053.6(497.7)**

# JUVENILE DELINQUENCY AND ASPECTS OF PSYCHO-SOCIAL INTERVENTIONS: A CASE OF THE REPUBLIC OF NORTHERN MACEDONIA

**Abstract**: Child delinquency is treated as a period of initial years of age when the child begins with the possibility of some responsibility before the law, which also process within the legislation for minors. In most countries this age ranges in the above limit, most commonly the lower limit for children delinquency is treated from age 10 to age 14. Furthermore, in the above age limit, the minor starts with rigorous accountability to the law.

The term psychosocial interventions usually involve different procedures in individual and group psychotherapy, counselling, learning social skills, sociotherapy and crisis intervention, basic sign of psychosocial interventions management services and planned application of techniques derived from psychological principles that conduct qualified persons in order to change the basic features such as feelings, values, attitudes and behaviour that is deemed inconvenient.

The purpose of this paper is to give a clear view of the use of psychosocial interventions in the field of children's delinquency that is, it is corroborated by theoretical and practical basis. In order to obtain relevant viability

of the presented theoretical aspects is accompanied by the experience of the Republic of North Macedonia, more precisely in the frame of the legal framework and practical experiences.

**Keywords:** *Juvenile delinquency, psychosocial interventions, factors, legislative framework, Republic of North Macedonia,*

**ВОВЕД**

Поимот престапништво е правен и опфаќа однесување со кое одредена личност ги крши законските правила, обичаи и општествени норми. Детското престапништво се третира како период на почетни години на старост кога детето започнува со можноста за одредена одговорност пред законот, кога воедно се процесира во рамките на законодавството за малолетници. Во поголем број на земји оваа возрасна старост се движи во погорна граница, сепак најчесто долната граница за детско претстапништво се третира од 10 годишна возраст до 14 годишна возраст. Понатаму, во погорна возрасна граница, малолетникот започнува и со поригорозна одговорност кон законот (Armistead et al., 2009: 352).

Престапништвото, во потесна смисла подразбира чинење само на оние дела кои се санкционирани со кривичен законик во соодветното општество. Поширокото сфаќање за престапништвото, покрај причинувањето на кривични дела, вклучува и статусни прекршувања кои не се инкриминирани со закон (бегање од дома, скитање, злоупотреба на алкохол и дрога, промискуитет, тепање, ситни кражби) (Armistead et al., 2009: 353).

Всушност, несоодветното однесување на младите се третира поинаку отколку кај возрасните, бидејќи постои став дека одговорноста на малолетникот се намалува поради неговото ниво на зрелост. Во поголем дел на земји, со тоа и во Република Северна Македонија, постојат посебни законодавства засновани на принципи за рехабилитација и индивидуализација на овие деца. На овој начин, преку законска рамка, детално е регулирана одговорноста на малолетниците, надлежните органи, судската постапка и санкциите кои би се примениле.

Во одредена мера, потребно е да се внимава на разликата во терминологијата помеѓу престапништвото, како правен поим, од психијатриското пореметување, како што е пореметување на однесувањето и антисоцијално пореметување на личноста, иако помеѓу овие поими постои и значително поклопување во антисоцијални рамки на однесување.

За време на детско престапништво, се регрутираат најголем број на деликвенти при што, истите, во понатамошна возраст учествуваат со пораст во сторувањето на кривични дела. Притоа, стапката на криминал за машкиот пол значително расте од околу 12 години и достигнува висок пораст помеѓу 17 и 21 година на старост. Најчест престанок на деликвенцијата настапува во периодот од 20 до 29 години на старост.

Зголемената насоченост на детското претстапништво кон деликвентно однесување се толкува со бројни развојни фактори и промени во текот на растењето. Недоволно развиениот фронтален кортекс, со предоминација на активности на амигалата (емотивниот мозок), се физиолошки фактори кои што кај малолетниците влијаат на зголемена насоченост кон деликвенција. Се истакнува и значењето на зголемено лачење на тестостерон во текот на агресивното деликвентно однесување. Неразвиеното апстрактно мислење и морално расудување, снижената ментална флексибилност, ориентираност на сегашното а слабо долгорочно предвидување се когнитивни обележја на малолетникот. Исто така, емоционалните фактори, во вид на зголемена импулсивност, слаба контрола на емоциите и агресивноста, намалени способности за рационално однесување и донесување на одлуки на основа на емоции ги чинат децата насочени кон ризични и непромислени деликвентни однесувања. Однесување пропратено со агонија и слаба врска со родителите преку зајакнување на локалноста кон врсниците и влијанието на врсниците, се можности на преференција и здружување со деликвентните врсници (Bašić et al., 2004: 39).

Целта на овој труд е да даде јасен приказ во однос на теоретско-практичните аспекти на детското претставништво и психо-социјалните интервенции, особено од аспект на постоечката законодавно-правна рамка во македонската практика.

## 1. Фактори кои влијаат на појава на детското претстапништво

Факторите, особено ризик факторите кои придонесуваат за појава на детско престапништво е потребно навремено да се утврдат со цел превентивно делување. На тој начин, дополнително ќе се утврдат и можностите и потребите на децата како и ќе се процени успешноста на понатамошната примена на интервентни мерки.

Причините кои доведуваат до појава на детско претстапништво се мултуфакторски, при што фокусот на анализа на ризик факторите кои доведуваат до појава на истото се поделени во три основни сегменти: семејни прилики во кои се раѓа, живее, воспитува и социјализира детето; индивидуални карактеристики на детето – во однос на неговото правилно воспитание, развиток и социјализација; и околностите кои се поврзани со неговата криминална активност. Правилно утврдување на ризик факторите, во иднина ќе помогне во насока на превентивно делување кон детето. Во спротивно, истото може да резултира со појава на деца-рецидивисти, што укажува на своевиден пропуст во системот кој се грижел за правилно насочување на доменот – детско престапништво. Имено, дополнително, појавата на рецидивизмот кај детското претстапништво се означува како сигурен показател за неуспешните мерки на ресоцијализација односно отсуство на соодветна општествена реакција, бидејќи заедничка надворешна карактеристика на сите деца – рецидивисти, без разлика на другите поделби, се увидува во тоа што спрема нив е насочена одредена санкција за која се увидува дека не дава позитивни резултати, при што децата и понатаму продолжуваат да се однесуваат несоодветно (УНИЦЕФ, 2021).

При утврдување на ризик факторите кои што имаат голем удел во појавата на детското престапништво, се посочува дека истите имаат улога и во превентивното и заштитно делување кон детето. Имено, станува збор за анализа на самото дете, неговото семејство но и ресурсите од локалната заедница, можностите за градење на мрежа на соработка. Сепак, важно е да се истакне дека на секое дете се однесуваат индивидуални ризик фактори за поттикнување на детско престапништво, на тој начин постојат и индивидуални потреби во однос на планирање, анализирање и евалуирање на интервенциите во однос на несоодветното однесување и активности на детето. Сето ова ја истакнува потребата од пронаоѓање на долгорочни решенија за проактивни интервенции кои произлегуваат од различната употреба на механизми за соодветно справување со потребите и проблемите на децата кои се во судир со законот.

Во однос на факторите кои што предизвикуваат детско престапништво, истите можат да се прикажат во повеќе насоки. Имено, станува збор за влијание на ендогени и егзогени фактори во чии рамки детето сеуште не е во состојба да ги сфати последиците од преземеното дејствие и притоа не секогаш може да направи дистинкција помеѓу општествено прифатливо и неприфатливо однесување. Едно дете може да се соочи со општествени промени и тешкотии во процесот на спознавање на животните вредности, притоа обидувајќи се да поттикне повисоко ниво на себе-разбирање, зголемена самодоверба, поголем степен на толеранција, прифаќање на различностите, социјални вештини и интерперсонални својства, слика за себе и градење на став кон оправданост на општествено прифатливите норми. Притоа, раслојувањето, сиромаштијата и невработеноста кај децата раѓаат револт кон системот кој не функционира, што резултира со појава на детско престапништво во различен домен. Како што е погоре детално споменато, клучната улога во ризик факторите, и обратно во фаторите за ресоцијализација на детето ја има семејството, односно родителите, во однос на начинот на комуникација и воспитување на детето. Имено, во контекст на наведеното, дисфункционалното семејство не е во состојба да ги исполни обврските за правилен развиток, помош, грижа и заштита на децата.

Друг фактор кој е од особена важност за насочување на детето и спречување на детско престапништво е училиштето. Придонесот на училиштето во појава на детско престапништво се посочува од аспект на вклопеноста на детето во училиштето, прифатеност од страна на соучесниците и постигнатиот

успех. Имено, во рамки на училишната средина, децата за прв пат осознаваат нешта за кои немале информации во семејството, се споредуваат со останатите деца при што можат да доживеат задоволство или фрустрација, се образуваат и воспитуваат, стекнуваат ментални и физички способности, ги осознаваат социјалните вредности, стекнуваат вештини за остварување на социјални контакти како и учат за разбирање на различностите, толеранцијата, недискриминацијата и инклузивноста. На овој начин, училиштето може да биде несоодветно протолкувано од детото кое нема да може да се снајде во негови рамки при што истото да биде ризик фактор за појава на одредена форма на детско престапништво.

Кога станува збор за анализа на личноста на детето и постигнатиот потенцијал, се споменува и влијанието на врсничката група како значителен ризик фактор за појава на услови за детско престапништво. Имено, врсничката група има влијание врз правилниот развиток и стекнување на самодоверба кај детето, но и кон стекнување на навики кои не се во согласност со општествено прифатливите норми. Во овој контекст, станува збор за истакнување на улогата на интеракцијата со врсниците при што истата може да создаде про-социјални поведенија кои се изразени во меѓусебно помагање, поддршка, разбирање, споделување, доверување, но исто така, обратно, врсничката група може да биде главен индикатор за појава на вербална агресија и насилство, малтретирање, омаловажување. Следствено, ризик факторите за појава на детско престапништво меѓусебно се надополнуваат, односно, доколку семејството е несоодветно третирано и воспитувано во семејната средина, во тој случај врсничката група ќе има големо влијание врз неговото поведените, исто така. На тој начин може да дојде до активирање на психо-социјална состојба кај детето која ќе придонесе за појава на детско претстапништво.

## 2. Психосоцијални интервенции во улога на превентивно делување

Основна цел на психосоцијалните интервенции е да делуваат превентивно, односно да се спречи настанување на детско престапништво или пак несоодветно однесување во подоцнежна фаза. Притоа, на тој начин се овозможува (Ajduković, 1995: 34):

- Спречување на настанување на услови кои водат до престапништво;
- Спречување на настанување на било кој облик на асоцијално однесување.
- Спречување на престапништво во смисла на казнено дело, било да се работи за прво сторено дело или повторено дело – рецидивизам.

Колку повеќе постои можност за отстранување на условите кои предизвикуваат престапништво, односно почетни облици на асоцијално однесување, толку психосицијалните интервенции се поуспешни. Притоа, ефикасното превентивно делување ги отстранува сите услови кои овозможуваат настанување на било какво асоцијално однесување, односно создавање на такви услови кои ја намалуваат можноста за настанување на детско престапништво.

Во услови на настанување на детско престапништво, не треба премногу да се инсистира за примена на репресивни мерки. Тие, секако имаат своја мерлива улога во превентивното делување, но детското престапништво може да настане од различни причини, а само делумно од тоа дека репресивни мерки не се преземени навремено.

Примената на психосоцијалните интервенции потребно е да стави акцент, пред се, на општествените активности кои што имаат за цел создавање на поволни услови за здрав развој на личностите (децата), односно намалување (укинување) на можностите за настанување на престап. Притоа, овие интервенции не само што водат борба против престапништво од страна на децата туку и се обидуваат, воопшто да се спречи да се дојде до тоа.

Преземањето на мерки во доменот на психосоцијални интервенции за превоспитување на престапниците и нивно вклучување во општествениот живот е само еден дел кој се смета за превентивен – доколку се има за цел престапништвото да не се повторува. Сепак, станува збор за широка мрежа на активности на различни нивоа и во различни области на општествена организација.

Во овие рамки се издвојуваат следните аспекти (Ajduković, 2003: 87-93):

1) **Психосоцијални интервенции во општ-општествен план**

За максимален успех на психосоцијалните интервенции, истите е потребно да се преземат не само во рамките на социјалната политика, туку и во пошироки ефекти: начинот на живот на детето во семејството; во општеството; наоѓање на смисла на животот преку самоостварување, чувствување на лична среќа и слично. Превентивното делување преку психосоцијалните интервенции поаѓа од неколку ситуации – доколку не делува од корен или со брз ефект, во тој случај може да се бара начин за намалување на негативното влијание.

Во општествен контекст, голем број на организации и институци се “виновни“ за промовирање на услови за детско престапништво, како на пример, моменталните креатори на политики, средствата за комуницирање, образование, публицистика, филм, издавачка дејноот, истражувачки институции и слично.

2) **Превенција на ниво на економски систем**

Психосоцијалните интервенции, потешко се остваруваат во рамките на системи каде што постои нееднаквост, нееднакви можности, различни економски и општествени слоеви, кои децата ги поставуваат на нееднакво ниво уште од самиот почеток а од нив можат да се издвојат токму оние кои што развиваат чувство на незадоволство и непријателски однос кон општеството. Во овој контекст, психосоцијалните интервенции се користат за насочување на однесувањето, на пример, создавање на економска безбедност преку можност за вработување на членови на семејството, обезбедување на подобри услови на живот и за школување на децата и слично.

3) **Институции надлежни за спроведување на психосоцијални интервенции**

Психосоцијалните интервенции се спроведуваат преку делување на различни надлежни институции во доменот на социјалната политика, понатаму системот на образование, детска заштита и здравствена заштита. Станува збор за институции кои што можат да понудат различен домен на интервенција и помош. На пример, во услови на семејството може да се обезбеди материјална, социјална и психолошка помош. Сето тоа е јасно од аспект на тоа што децата кои потекнуваат од овие семејства се изложени на ризик на неприфатливост, неуспех во училиште и разни непожелни влијанија. Во обратен контекст, како привилегирани се сметаат сите деца кои се згрижени и правилно воспитувани од страна на родителите. Доколку родителите кои добиваат деца кои во моментот не се посакувани, не го сменат својот став во скоро време, во тој случај се препорачува посета на советувалишта. Во овој контекст делуваат и институции за ментално здравје и грижа за деца.

4) **Функционирање и активности во доменот на Центри за социјална работа**

Овие центри биле основни носители на акции за решавање на најразлични потреби на загрозени слоеви на населението. Тие преставуваат најдобар координар за примена на различни мерки кои во поединечни случаи се покажуваат како неопходни. Поради тоа, потребно е зајакнување на овие институции од страна на самиот социјален систем. Станува збор за најпогодни и најнеопходни институции во секоја општина (Align Нанев et al., 2018).

5) **Функционирање во рамките на училишта**

Децата поминуваат најголем дел од времето во училиштето, а училиштето е од особено значење поради улогата која ја има во формирањето на личноста. Во училиштето можат да се ублажат и проблемите кои настануваат во економскиот систем (еднакви можности за сите, без оглед на социјалниот статус како и проблемите поради недостаток на љубов во семејството (врзување за поединечни наставници кои преземаат улога на родител) а посебно што училиштето овозможува афирмација на личноста низ успех во учењето и на тој начин овозможува потпора за понатамошен успех и самопочитување. Преку воспоставувањето на пријателства во училиштето се стекнува можност за задоволување на потребите за припадност – дури и за оние деца кои не се прифатени во семејството. Во контекст на наведеното, училиштето е важно поради стекнување на индивидуализација кај детето.

Од аспект на продуцирање на психосоцијални активности кај детето во рамки на училиштето, се овозможува:

- Разгледување на секој случај поединечно и во воедно преземање на соодветни мерки;
- Да не се бара од детето повеќе од она што може да го постигне на својата возраст;
- Остварување на контакт со семејството – однос со возрасните кои секојдневно се грижат за детето – пожелно е секој наставник непосредно да ја познава ситуацијата на детето во семејството.

Доколку настане пореметување во однесувањето на детето – важно е сето тоа да се увиди што поскоро и притоа на основа на тоа однесување во училиштето да се преземат соодветните мерки. Една од активностите за можност за повисоко ниво на пратење и грижа за децата е:

- Намалување на бројот на ученици во одделенијата со цел за секој ученик да може да се посвети внимание.
- Намалување на бројот на часеви наменети за образование со цел да се остави простор за слободни активности и разговори за одделни пројавени проблеми.
- Намалување на бројот на ученици во одделението со цел на секој ученик да може да му се посвети внимание;
- Дополнително психолошко образование на наставникот со цел да може да одговори на поставените цели и потреби за воспитување на децата;
- Со цел остварување на законските обврски, во секое училиште потребно е да биде вработен психолог;
- Особено е пожелно во рамките на училиштето да постои вработен социјален работник како и училишен педагог, особено во ситуација кога одредени наставници немаат доволно време за да воспостават контакт со родителите;
- Несомнено е дека еден од предусловите на добро функционирање на училиштето е подобрување на материјалната положба на наставникот кој својот статус сеуште го доживува како потценет, не само во однос на значењето на улогата која ја има туку и во однос на другите активности.

**6) Целодневна настава**

Целодневната настава дава позитивни промени во подобрување на успехот на учениците, особено оние на кои им е потребна педагошка помош, заштита, задоволување на потребите на децата како и насочување на ученикот во правилно користење на слободното време, хуманизација и демократизација на односот во училиштето. На овој начин, посебно се намалува бројот на воспитната запоставеност и малолетничката деликвенција.

**7) Домување на ученикот**

Поради различните ситуации во кои се наоѓаат младите луѓе во домовите, неопходно е да се посвети внимание на оваа состојба. Тоа се најчесто деца од мали места или од села кои наеднаш го менуваат својот начин на живот. Имено, од исклучително сериозна контрола: присуство на родителите, конзервативна средина, потполно отсуство на забава, доаѓа до ситуации кои првично даваат неограничени и разновидни можности особено попривлечен начин на поминување на времето отколку во првичната состојба. Познато е дека во рамките на домовите на учениците постојат многу проблеми што е особено добро тло за настанување на престапништво.

**8) Улога на месната заедница**

Локалната заедница е потребно да влијае во идентификување на децата кои што се наоѓаат во неповолна ситуација. Тие можат да помогнат во координација помеѓу семејството и центрите за социјална работа или многу други соодветни институции. Сепак, помошта на локалната заедница без помош на стручни органи е особено ограничена.

9) **Улогата на семејство**

Семејството е основен социјален фактор во денешни услови за одгледување на детето. Семејството го дава моделот на однесување, го прифаќа или го отфрла детето, го помага или го отежнува развојот. Доколку функцијата на семејството е успешна, во тој случај тоа може да контролира многу негативни ефекти од општо општествено влијание.

Цел на психосоцијалните интервенции е поддршка на процесот на опоравување на детето, отклонувајќи ги сите препреки кои можат да доведат до долгорочни штетни последици во однесувањето на детето. Според Багливио и соработниците, психосоцијалните интервенции или помош е процес на психолошко и социјално зајакнување на секој поединец (дете или возрасна личност), неговите родители и социјалното опкружување, во насока на тоа личноста (детето) во својата непосредна околина да пронајде и да стекне сила и начин за успешно соочување со состојбата во која се наоѓа, како и постапно да изгради нормален, психички здрав и соодветен начин на живот, без штетни последици за себе и за останатите. Овозможувањето на таков вид на помош е цел на секоја програма за психосоцијални интервенции (Baglivio, 2014: 56).

## 3. Детско престапништво во рамките на Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија, во 2013 година се бележи зголемување на детското престапништво за 19%, споредено со 2012 година**.** Ова е наведено во годишниот извештај за работата на Државниот совет за детско престапништво за 2013 година**.** Во извештајот е посочено дека во 2013 година стапката на вклученост на малолетници во криминалот изнесува 1.405 на 100 илјади малолетници. Оваа стапка е пониска во споредба со други земји во регионот, на пример, Хрватска, Бугарија и Словенија, а е повисока од Србија. Надлежните институции во системот на малолетничка правда применуваат мерки и санкции кои не вклучуваат лишување од слобода на децата, што кореспондира со законските одредби на заобиколување, односно одбегнување на судската постапка. Притоа, најчесто се изрекуват мерки на засилен надзор над децата (Телеграф.Мк, 2021). Во 2014 година, бројот на деца во ризик кои се упатени во центрите за социјална работа од страна на институциите и поединците е зголемен за 52%. Според територијалната припадност најголем број на деца потекнуваат од градовите Куманово, Велес и Скопје. Според истражување приложено во рамките на Годишниот извештај за работа на Државниот совет за превенција од детско престапништво за 2015 година, 86% од децата престапници се припадници на машкиот пол. Една од причините за зголемен број на деца во ризик може да биде и подобра имлементација на законодавно-правната рамка од овој домен, посебно Законот за правда за децата, како и поголемо препознавање и рано идентификување на децата во ризик од страна на училиштата, полицијата, и другите институции кои работат со деца.

Според наведеното, истражувањето во овој домен се прикажува пред се во насока на апелирање од страна на надлежните институции за подигнување на повисоко ниво на постапката за грижа за намалување на детското престапништво, примена на соодветна психосоцијална интервенција, се во насока на спречување на повторен рецидивизам кај децата. За таа цел, со особена важност се истакнува потребата од соработка со локалната заедница, особено преку формирање на локални совети за превенција од детско престапништво. Имено, според Законот за правда за деца, општините е потребно да формираат совети од овој домен, со цел детското престапништво да биде полесно контролирано, секојдневно да се располага со соодветни информации кои што ќе послужат како основа за пронаоѓање на релевантни стратешки чекори со цел намалување на несоодветното однесување кај децата (Сл. Весник на РМ, 2013). Целта на Законот за правда за децата е остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права, нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и поврат од такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување (Член 2). Овој Закон, исто така опфаќа постапување

со дете во ризик, односно дете до 14 години, кое извршило дејствије кое со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор над три години (Член 24).

Во 2014 година, од вкупно 85 општини на територијата на Република Северна Македонија, 70 не ја исполниле својата обврска за формирање на погоре споменатите локални совети. Покрај формирање на локални совети, општините ќе го поткренат нивото на делување во рамки на пронаоѓање на соодветни мерки за намалување и исчезнување на детското престапништво преку донесување на соодветен акциски план за превенција.

Всушност, преку зголемена соработка помеѓу надлежните институции и органите на локалната самоуправа, ќе се овозможи полесно детектирање на состојбите на ризик и зајакнување на прецентивните механизми.

На основа на законските одредби, во 2013 и 2014 година, Министерството за правда донесува „Програма заради обештетување на малолетник кој е жртва или оштетен со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство“.

Државен совет за детско престапништво ја следи состојбата со бројот на деца кои се во судир со законот и на кои им е изречена одредена безбедносна или мерка за помош за заштита од престапништво. Преку анализи на тековната состојба низ последните години се увидува дека детското престапништво во Република Северна Македонија, процентуално не се намалува но се менува квалитетот на извршениот престап, односно во одреден период е повеќе кражба а во друг период е повеќе насилство, тепање и слични прекршоци.

Важно е да се истакне дека детското поведение се анализира и набљудува различно од страна на Советот кој ги следи полициските статистики, како и од страна на Судовите и Центрите за социјални работи, распространети низ земјата. Притоа, податоците можат да бидат и нецелосни, бидејќи не секоја институција квалитетно ја завршува својата работа. Ова е првиот и воедно клучен проблем кога станува збор за потребата од мерливост на состојбата со детското престапништво, што има голема улога во преземање на ефективни чекори за искоренување на факторите на ризик.

Особено интересен податок, кога се анализира детското престапништво во Република Северна Македонија е фактот што податоците од Државниот совет за детско престапништво говорат дека се руши еден особено квалитетен стереотип во врска со несодоветно однесување на децата. Имено, 96% од децата на кои им е изречена некаква мерка во врска со нивното однесување, потекнуваат од комплетни семејства.

Важно е да се истакне дека, иако институциите во одреден домен се насочени кон подигнување на нивото на свест во секое семејство, потребно е одговорноста за однесувањето на децата да потекнува од семејството, а потоа да се препушти на државните институции, училиштето и улицата.

Министерството за правда во 2014 година започна со неколку проекти за детектирање на можните фактори на ризик кои доведуваат до појава на детско престапништво. Станува збор за проектот „Превенција од малолетничко престапништво фокусирана на фактори на ризик“, со истакнато мото „Заедно против детско престапништво.

Законодавно-правната рамка во Република Северна Македонија, која во одреден домен опфаќа третирање на детското престапништво е имплементирана во рамките на: Законот за правда за деца; Закон за социјална заштита (Сл. Весник на РМ, 1997); Закон за семејство во Република Македонија (Сл. Весник на РМ, 1992); Закон за извршување на санкции во Република Македонија (Сл. Весник на РМ, 2006). Во однос на одредени стандарди и процедури кои е потребно да се почитуваат, се издвојува документот „Стандарди и процедури за работа со Центрите за социјална работа во Република Македонија“. Основна цел на овие стандарди е унапредување на стручната работа и подобрување на квалитетот на услугите кон корисниците, кои преставуваат една од активностите и заложбите на Владата на државата. Истите се

вградени во Националната програма за развој на социјална заштита 2011-2021 година (Министерство за труд и социјална заштита, 2010).

Положбата на малолетникот во кривичната постапка треба да се разбере како составен дел на процесот на национален развој во секоја земја и на севкупната структура на правниот систем и на тој начин истовремено да придонесе за заштита на младите. Уставот на Република Македонија и другите закони како и Меѓународните документи - Женевската декларација од 1923 година, Основните правила кои се однесуваат на администрацијата на правдата за малолетници, наречени “Пекиншки правила” од 1985 година кои говорат за односите меѓу младите деликвенти во системот на казненото право,потоа Основните правила за заштита на малолетниците лишени од слобода,наречени “Хавански правила” од 1990 година, Водечките принципи за превенција на малолетничката деликвенција, наречени “Ријадски принципи” од 1990 година и Ковенцијата за правата на детето од 20 ноември 1989 година, се основа во однос на постапувањето спрема малолетните лица.

На основа на наведеното, во однос на имплементацијата на законодавно-правната рамка со цел подобар третман на децата, особено деца во престапништво, потребно е, во одредена мера, реформирање на системот. Реформата на детската правда не може да успее без поддршката, активна или пасивна, од пошироката заедница. За да биде ефикасен и одржлив развојниот процес мора да содржи широк консензус кој се заснова и на потребата за реформа и на стратегиите за нејзино изведување. Реформата е можност за дебата на национално ниво. Во некои земји, законската рамка која се однесува на правдата за децата не ги одразува меѓународните или регионалните стандарди и затоа, ова треба да се прегледа и измени за да се хармонизира со тие стандарди. Тоа е важен аспект на подобрувањето на правдата за децата, бидејќи обезбедува рамка во која практичните мерки можат да постојат и функционираат. Во идеален случај, законите поврзани со детската правда би требало да се соберат на едно место, бидејќи фрагментираните закони може да водат до помалку сеопфатна заштита на правата на децата. Новите закони треба да се направат земајќи го предвид тоа како ќе бидат имплементирани во пракса и да се осигураат доволно ресурси за имплементацијата. Ревизијата на законите во една земја исто така, често бара балансирање на комплексните општествени, политички и професионални интереси. Ревизиите на законите можат да влијаат на работењето и односите, меѓу другото на полицијата социјалните работници и професионалците кои работат на спроведување на алтернативните мерки, кои можеби нема да се добредојдени, особено ако вклучуваат релокација на ресурси. Онаму каде што има случај на менување на улогите или одговорностите, би постоела потреба од извршување на обука на секторите и работниците кои се засегнати, за да се убедат во промената и да се обезбеди нивна свесност за било кои нови одговорности, мерки или промени утврдени во новите закони.

Со цел подобрување на реалната состојба во однос на детско престапништво во Република Северна Македонија, меѓународните организации вложуваат во развој на нови правци, проекти кои што овозможуваат успешно делување во овој домен, во идни рамки. Сепак, потребно е да се обрне повеќе внимание во зајакнувањето на законите, регулативите и стандардите. Понатаму, обезбедување на обука на лица кои ги применуваат законите, како и воспоставување на бази на податоци за поефикасно споделување на информации и подобрување на мониторингот со цел да се осигура квалитетот на услугите кои се обезбедуваат. Една од најголемите предизвици кој системот е потребно да го остварува на долгорочна основа е изнаоѓање на начин за континуирана работа со децата кои што се во судир со законот, особено на ниво на локална заедница и во соработка со релевантни невладини организации, односно развивање на ефикасна програма за менторство за доброволци кои би дејствувале како големи браќа и сестри на децата. Исто така, потребно е да се зголеми бројот на дневни центри за грижа на децата, во чии рамки грижата ќе биде обезбедена од страна на обучени социјални работници. Во насока на намалување на процентот на детско престапништво, потребно е да се работи на континуирано изготвување на квалитетни програми и развивање на постоечките бидејќи само на тој начин во државата ќе се продуцира создавање на ефективни политики во домен на справување со детско престапништво.

На основа на наведеното, од особена важност е примена на меѓусекторска и меѓуинституционална соработка во рамките на примена на психосоцијални интервенции во доменот на детското престапништво. Станува збор за иницирање на потребата од квалитетна соработка помеѓу Центрите за социјална работа низ Република Северна Македонија и други служби или тела кои се релевантни во своето делување (полициски станици, медицински центри, училишта, ОЈО, Суд) како и локалната самоуправа и Невладини организации на полето на заштита на децата. Оваа соработка, на поефикасен и попрецизен начин е регулирана преку Законот за правда на децата. Самото мултисекторско и мултиинституционално поврзување и соработка ќе придонесе професионалницте кои работат во оваа сфера да бидат позадоволни и поисполнети на своето работно место, при што истото ќе го искористуваат квалитетно.

## 4. Порепораки за идно делување во рамки на македонското општество – од аспект на детско претстапништво

Од аспект на наведеното, може да се извлечат следните заклучоци кои се однесуваат на поттикнување на партнерска соработка помеѓу сите засегнати страни во рамките на детското престапништво во Република Северна Македонија, односно, потребно е да се обрне внимание на следното:

- Партнерските односи влијаат на односите на професионалците и децата и нивното семејство;
- Односот на соработка, како во проценката така и во реализацијата на мерките е со различен интензитет, пред се поради сложеноста и комплексноста на проблемите но и индивидуалните потреби на децата кои се во судир со законот;
- Постои недоволно меѓусекторско информирање;
- Постои недостаток на финансиски средства за спроведување на директни активности, од аспект на психосоцијални интервенции кон детето кое е во судир со законот;
- Постои недостаток на финансиски средства за обезбедување на технички и материјални услови за работа на тимовите во областа детско престапништво;
- Локалната самоуправа е особено важна, но сеуште е во мал процент вклучена во активностите на децата и нивните родители со цел спречување или намалување на детското престапништво.
- Училиштата, како партнери во соработката со Центрите за социјална работа, немаат комплетни тимови во свои редови, посебно социјални работници, при што се истакнува потребата од нивно ангажирање;
- Потребно е повисоко ниво на соработка помеѓу инволвираните тимови во активности од доменот на детско престапништво.

Дополнително, од аспект на примарната, секундарната и терцијарната превенција во доменот на интервенции за детско престапништво, се издвојуваат следните препораки, на основа на општествено увидени проблеми:

- Потребно е секое обраќање и известување да биде пропратено со сензибилитет и етика. Не постои специјализирана едукација во овој домен.
- Професионалците кои работат во училишта немаат доволно едукација, а ниту лична мотивација да учествуваат во програми кои се однесуваат на детско престапништво.
- Потреба од постоење на правилно насочена законодавно-правна рамка од овој домен во секое општество;
- Недоволен број на едуцирани – сертифицирани професионалци за работа со деца;
- Континуирана едукација и сертификација за работа со деца во ризик или деца престапници, спроведена од страна на надлежните институции;
- Не постоење на соодветни услови за примена на воспитни препораки;

- Спроведување на препораки кои се во ингеренција за центрите за социјална работа, додека пак препораки кои потекнуваат од други институции, се спроведуваат со помала мера или воопшто;
- Не постојат соодветни критериуми за воспитна препорака „работа за општо добро;

Во однос на препораки за ефикасна примена на психосоцијални интервенции во детското престапништво, се издвојуваат следните:

- Потребно е да се работи на континуирана превенција на детско престапништво на ниво на држава;
- Сертифицирање на сите учесници во процесот на решавање на проблематиката на детско престапништво, а притоа истото да биде организирано од релевантна надлежна институција;
- Неопходна е едукација на професионалците, обезбедување на размена на искуства со професионалци од окружувањето кои имаат поголеми искуства со проблематиката на детско престапништво;
- Потребно е да се создадат услови за примена на сите воспитни препораки;
- Потребно е да се создадат услови за отворање на дополнителни воспитни центри;
- На професионалците од Центрите за социјална работа да им се овозможи специјализирана едукација од аспект на примена на психосоцијални интервенции во детското престапништво;
- Подобрување на материјално-техничките услови за примена на психосоцијални интервенции во детско престапништво;
- Потребна е поголема вклученост на локалната заедница во проблематиката со детско престапништво;
- Промовирање на високо ниво на меѓуинституционална соработка која работи на иста проблематика.

## ЗАКЛУЧОК

Престапништвото, во потесна смисла подразбира чинење само на оние дела кои се санкционирани со кривичен законик во соодветното општество. Поширокото сфаќање за претстапништвото, покрај причинувањето на кривични дела, вклучува и статусни прекршувања кои не се инкриминирани со закон (бегање од дома, скитање, злоупотреба на алкохол и дрога, промискуитет, тепање, ситни кражби).

За време на детско претстапништво, се регрутираат најголем број на деликвенти при што, истите, во понатамошна возраст учествуваат со пораст во сторувањето на кривични дела. Притоа, стапката на криминал за машкиот пол значително расте од околу 12 години и достигнува висок пораст помеѓу 17 и 21 година на старост. Најчест престанок на деликвенцијата настапува во периодот од 20 до 29 години на старост.

Ризик факторите кои придонесуваат за појава на детско претстапништво е потребно навремено да се утврдат со цел превентивно делување. На тој начин, дополнително ќе се утврдат и можностите и потребите на децата како и ќе се процени успешноста на понатамошната примена на интервентни мерки. Во однос на факторите кои што предизвикуваат детско претстапништво, истите можат да се прикажат во повеќе насоки. Имено, станува збор за влијание на едногени и егзогени фактори во чии рамки детето сеуште не е во состојба да ги сфати последиците од преземеното дејствие и притоа не секогаш може да направи дистинкција помеѓу општествено прифатливо и неприфатливо однесување.

Причините кои доведуваат до појава на детско претстапништво се мултуфакторски, при што фокусот на анализа на ризик факторите кои доведуваат до појава на истото се поделени во три основни сегменти: семејни прилики во кои се раѓа, живее, воспитува и социјализира детето; индивидуални

карактеристики на детето – во однос на неговото правилно воспитание, развиток и социјализација; и околностите кои се поврзани со неговата криминална активност. Правилно утврдување на ризик факторите, во иднина ќе помогне во насока на превентивно делување кон детето. Во спротивно, истото може да резултира со појава на деца-рецидивисти, што укажува на своевиден пропуст во системот кој се грижел за правилно насочување на доменот – детско претстапништво.

Психосоцијалните интервенции се претставуваат како дела на санкции и заштитни мерки за одредена проблематика во заедницата. Притоа, под "санкции и мерки" се подразбираат постапки кои се промовираат во заедницата, а вклучуваат ограничена слобода низ наметнување на одредени услови/обврски, а кои ги спроведуваат тела односно организации кои за тоа се оспособени и надлежни.

Под поимот психосоцијални интервенции обично се подразбираат различни постапки на индивидуална и група психотерапија, советување, учење на социјални вештини, социотерапија и кризна интервенција, Основен белег за психосоцијалните интервенции е составената и планирана примена на техники која произлегува од психолошките начела, кои ја спроведуваат квалификувани личности со цел промена на основните обележја како што се чувства, вредности, ставови и однесување кое е проценето како неприлагодено.

Основна цел на психосоцијалните интервенции е да делуваат превентивно, односно да се спречи настанување на детско престапништво или пак несоодветно однесување во подоцнежна фаза. Притоа, на тој начин се овозможува: спречување на настанување на услови кои водат до престапништво; спречување на настанување на било кој облик на асоцијално однесување; и спречување на престапништво во смисла на казнено дело, било да се работи за прво сторено дело или повторено дело – рецидивизам.

Во рамките на овој труд, на особено јасен и прецизен начин е прикажана законодавно-правната рамка во македонското законодавство која се однесува на детското претстапништво. Дополнително, претставени се повеќе аспекти, фактори и препораки во однос на проблематиката со цел идно позиционирање на детското претстапништво во подобри услови, како и можности за соработки на институционално ниво.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Armistead, L., Wierson, M., Forehand, R. & Frame, C. (2009) Psychopathology in incarcerated juvenile delinquents: Does it extend beyond externalising problems?, Adolescence, vol. 27, no. 106, Summer

Ajduković, D. (2003). Socijalna rekonstrukcija zajednice. Zagreb: Društvo za psihološku pomoć

Bašić, J., Kooler-Trbović. N & Uzelac,S. (2004). Poremečaji u ponašanju i rizična ponašanja – pristupi i pojmovna određenja, Zagreb: Edukacisko rehabilitaciski fakultet

Baglivio, Michael T., Nathan Epps, Kimberly Swartz, Mona Sayedul, Amy Sheer, and Nancy S. Hardt. (2014) The Prevalence of Adverse Childhood Experiences (ACE) in the Lives of Juvenile Offenders. Journal of Juvenile Justice 3

Министерство за труд и социјална заштита (2010), Националната програма за развој на социјална заштита 2011-2021 година, Скопје

Закон за правда за децата, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.148 од 29.10.2013 година

Закон за социјална заштита во Република Македонија, Сл. Весник на Р.Македонија бр. 50/97 03.10.1997 година

Закон за семејство, Сл. Весник на Р Македонија бр. 80/92 од 22 декември 1992 година

Закон за извршување на санкции во Република Македонија, Сл. Весник на Р.Македонија бр.2 од 09.01.2006 година

**Интернет податоци**

Нанев, Лазар, и соработници (2018), Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со закон во Република Македонија, Скопје: Македонско пенолошко друштво https://msp.mk/wp-content/uploads/2019/07/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%9A%D0%9F%D0%94-%D0%B8 %D0%92%D0%9F%D0%94-%D0%9C%D0%9F%D0%94-2018.pdf
прегледано на 26.12.2021

Телеграф.мк, Детско престапништво: Малолетничка делкивенција во пораст, 01.09.2014 http://www.telegraf.mk/aktuelno/hronika/ns-newsarticle-189564-detsko-prestapnistvo-maloletnickata-delikvencija-vo-porast.nspx прегледано на 15.10.2021 година

УНИЦЕФ, Детска заштита https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/topics/%D0%B4%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0?items_per_page=25 прегледано на 27.12.2021

Телеграф.мк, Детско престапништво: Малолетничка деликвенција во пораст, 01.09.2014 http://www.telegraf.mk/aktuelno/hronika/ns-newsarticle-189564-detsko-prestapnistvo-maloletnickata-delikvencija-vo-porast.nspx прегледано на 15.10.2021 година